Врз основа на член 137, став (4) од Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија бр. 82/2018 и Службен весник на Република Северна Македонија бр. 178/2021 и бр. 58/2024), Одлуката на Универзитетскиот Сенат за усвојување на Елаборатот за едногодишна кратка стручна студиска програма: Македонски јазик за странци, во рамките на првиот циклус студии на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје бр. 02-1309/9 од 27.12.2024 година и Одлуката на Универзитетскиот Сенат за усвојување на Елаборатот за едногодишна кратка стручна студиска програма: Англиски јазик за странски студенти, во рамките на првиот циклус студии на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје бр. 02-1309/10 од 27.12.2024 година, Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, објавува

# **О Г Л А С**
**за запишување студенти/странски државјани на кратки стручни студиски програми за изучување на јазик во рамките на првиот циклус студии**
**на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" - Скопје**
**при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје**
**во учебната 2024/2025 година**

## I. На Филолошкиот факултет „Блаже Конески" - Скопје, се организираат две кратки стручни студиски програми за изучување на јазик и тоа:

1. Едногодишна кратка стручна студиска програма за изучување на: Македонски јазик за странци во рамките на првиот циклус студии;
2. Едногодишна кратка стручна студиска програма за изучување на: Англиски јазик за странски студенти во рамките на првиот циклус студии.

## II. Опис на кратките стручни студиски програми

| **Едногодишна кратка стручна студиска програма: Македонски јазик за странци во рамките на првиот циклус студии** | | |
|---|---|---|
| **1.** | Факултет/организатор | Филолошки факултет „Блаже Конески" во Скопје |
| **2.** | Вид на студии и циклус на студии | Едногодишна кратка стручна студиска програма во рамките на првиот циклус студии за изучување на јазик |
| **3.** | ЕКТС кредити/семестар | Вкупно 60 ЕКТС кредити<br>(30 ЕКТС кредити летен семестар/30 ЕКТС кредити зимски семестар) |
| **4.** | Јазик на кој се изведува наставата | Македонски јазик |
| **5.** | Степен/ниво на квалификација што се стекнува со завршување на студиите | Сертификат за завршена кратка стручна студиска програма: Македонски јазик за странци |

| **Едногодишна кратка стручна студиска програма: Англиски јазик за странски студенти во рамките на првиот циклус студии** | | |
|---|---|---|
| **1.** | Факултет/организатор | Филолошки факултет „Блаже Конески" во Скопје |
| **2.** | Вид на студии и циклус на студии | Едногодишна кратка стручна студиска програма во рамките на првиот циклус студии за изучување на јазик |
| **3.** | ЕКТС кредити/семестар | Вкупно 60 ЕКТС кредити<br>(30 ЕКТС кредити летен семестар/30 ЕКТС кредити зимски семестар) |

| | | |
|---|---|---|
| **4.** | Јазик на кој се изведува наставата | Англиски јазик |
| **5.** | Степен/ниво на квалификација што се стекнува со завршување на студиите | Сертификат за завршена кратка стручна студиска програма: Англиски јазик за странски студенти |

**III. Потребни документи за пријавување и запишување**

1. Пријава за запишување (образец А1 од книжарницата на Факултетот)
2. Диплома за завршено средно образование (копија од оригинал и копија од превод)
3. Извод од матична книга на родените (копија од оригинал и копија од превод)
4. Доказ за државјанство (копија од оригинал и копија од превод )
5. Индекс и студентска легитимација
6. Три фотографии (две 3.5 x 4.5 *см* и една 2x3 *см* )
7. Пријавни листови (за упис на семестар и статистички лист од книжарницата на Факултетот)
8. Потврда за уплата на 25.000 денари за семестар на сметка на УКИМ,

- жиро сметка 100000000063095
- депонент: НБРСМ со сметка на буџетски корисник 1600103689 788 18
- приходна шифра 723012,
- програма 41

9. Договор за студирање на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ (се подига на Факултет на денот на уписот)

**IV. Рок за пријавување и запишување**

**Рокот за пријавување и запишување е до 12 февруари 2025 година**

Документите се поднесуваат во Одделението за студентски прашања на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје **до 12 февруари 2025 година**.